**20120090006**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.1.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/670/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 10 ОКТОМВРИ 2011 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2011/235/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ НАСОЧЕНИ ПРОТИВ ОДРЕДЕНИ ЛИЦА И СУБЈЕКТИ ВО ОДНОС НА СИТУАЦИЈАТА ВО ИРАН

Член 1

Со оваа одлука се воведува рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/670/ЗНБП на Советот од 10 октомври 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на ситуацијата во Иран.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам и Министерството за економија за надлежни органи за спроведување на рестриктивни мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивната мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката 2011/235/ЗНБП на Советот од 12 април 2011 година за рестриктивните мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на ситуацијата во Иран и Одлуката за спроведување 2011/670/ЗНБП на Советот од 10 октомври 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на ситуацијата во Иран, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 164/11.

Член 6

Одлуката за спроведување 2011/670/ЗНБП на Советот од 10 октомври 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на ситуацијата во Иран, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка воведена кон Иран ќе се применува до 13 април 2012 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-7953/1-11
9 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

12.10.2011 EN Official Journal of the European Union L 267/13

# DECISIONS

## COUNCIL IMPLEMENTING DECISION 2011/670/CFSP

### of 10 October 2011

### implementing Decision 2011/235/CFSP concerning restrictive measures directed against certain persons and entities in view of the situation in Iran

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision 2011/235/CFSP of 12 April 2011 concerning restrictive measures directed against certain persons and entities in view of the situation in Iran ([1]), and in particular Article 3(1) thereof,

Whereas:

(1) On 12 April 2011, the Council adopted Decision 2011/235/CFSP.

(2) In view of the ongoing human rights abuses in Iran, additional persons should be included in the list of persons and entities subject to restrictive measures as set out in the Annex to Decision 2011/235/CFSP,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The persons listed in the Annex to this Decision shall be added to the list set out in the Annex to Decision 2011/235/CFSP.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day of its adoption.

Done at Luxembourg, 10 October 2011.

*For the Council*

*The President*

C. ASHTON

([1]) OJ L 100, 14.4.2011, p. 51.

*ANNEX*

List of persons referred to in Article 1

**Persons**

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ABBASZADEH-MESHKINI, Mahmoud | | Interior Ministry's political director.<br><br>As Head of the Article 10 Committee of the Law on Activities of Political Parties and Groups he is in charge of authorising demonstrations and other public events and registering political parties.<br><br>In 2010, he suspended the activities of two reformist political parties linked to Mousavi – the Islamic Iran Participation Front and the Islamic Revolution Mujahedeen Organization.<br><br>From 2009 onwards he has consistently and continuously prohibited all non-governmental gatherings, therefore denying a constitutional right to protest and leading to many arrests of peaceful demonstrators in contravention of the right to freedom of assembly.<br><br>In 2009 he also denied the opposition a permit for a ceremony to mourn people killed in protests over the Presidential elections. | 10.10.2011 |
| 2. | AKBARSHAHI Ali-Reza | | Commander of Tehran Police.<br><br>His police force is responsible for the use of extrajudicial force on suspects during arrest and pre-trial detention, as reported to Human Rights Watch (HRW) by witnesses to the post-election crackdown.<br><br>Tehran police were implicated in raids on Tehran university dorms in June 2009, when according to an Iranian Majlis commission, more than 100 students were injured by the police and Basiji. | 10.10.2011 |
| 3. | AKHARIAN Hassan | | Keeper of Ward 1 of Radjaishahr prison, Karadj.<br><br>Several former detainees have denounced the use of torture by him, as well as orders he gave to prevent inmates receiving medical assistance. According to a transcript of one reported detainee in the Radjaishahr prison, wardens all beat him severely, with Akharian's full knowledge.<br><br>There is also at least one reported case of the death of a detainee, Mohsen Beikvand, under Akharian's wardenship. | 10.10.2011 |
| 4. | AVAEE Seyyed Ali-Reza (Aka: AVAEE Seyyed Alireza) | | President of the Tehran Judiciary.<br><br>As President of the Tehran Judiciary he has been responsible for human rights violations, arbitrary arrests, denials of prisoners' rights and an increase in executions. | 10.10.2011 |
| 5. | BANESHI Jaber | | Prosecutor of Shiraz.<br><br>He is responsible for the excessive and increasing use of the death penalty by handing down dozens of death sentences. Prosecutor during the Shiraz bombing case in 2008, which was used by the regime to sentence to death several opponents of the regime. | 10.10.2011 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 6. | FIRUZABADI Maj-Gen Dr Seyyed Hasan (Aka: FIRUZABADI Maj-Gen Dr Seyed Hassan; FIROUZABADI Maj-Gen Dr Seyyed Hasan; FIROUZABADI Maj-Gen Dr Seyed Hassan) | POB: Mashad.<br><br>DOB: 3.2.1951 | Chief of Staff of Iran's Armed Forces.<br><br>Also a member of the Supreme National Security Council (SNSC) the highest military commander responsible for directing all military divisions and policies, including the Islamic Revolutionary Guards Corps (IRGC) and police. Forces under his formal chain of command brutally suppressed peaceful protestors and perpetrated mass detentions. | 10.10.2011 |
| 7. | GANJI Mostafa Barzegar | | Prosecutor-General of Qom.<br><br>He is responsible for the arbitrary detention and maltreatment of dozens of offenders in Qom. He is complicit in a grave violation of the right to due process, contributing to the excessive and increasing use of the death penalty and a sharp increase in executions since the beginning of the year. | 10.10.2011 |
| 8. | HABIBI Mohammad Reza | | Deputy Prosecutor of Isfahan.<br><br>Complicit in proceedings denying defendants a fair trial – such as Abdollah Fathi executed in May 2011 after his right to be heard and mental health issues were ignored by Habibi during his trial in March 2010.<br><br>He is, therefore, complicit in a grave violation of the right to due process, contributing to the excessive and increasing use of the death penalty and a sharp increase in executions since the beginning of the year. | 10.10.2011 |
| 9. | HEJAZI Mohammad | POB: Ispahan<br><br>DOB: 1956 | Head of the IRGC's Sarollah Corps in Tehran, former Head of the Basij Forces.<br><br>The Sarollah Corps played a central role in the post-election crackdown.<br><br>Mohammad HEJAZI was the author of a letter sent to the Ministry of Health on 26 June 2009 forbidding the disclosure of documents or medical records of anyone injured or hospitalised during post-election events, implying a cover up. | 10.10.2011 |
| 10. | HEYDARI Nabiollah | | Head of the Iranian Airport Police Authority.<br><br>He has been instrumental, since June 2009, in arresting at Imam Khomeini International Airport - including inside the international zone -Iranian protesters who were trying to leave the country after the crackdown started. | 10.10.2011 |
| 11. | JAVANI Yadollah | | IRGC Political Bureau Chief.<br><br>He was one of the first high-ranking officials to demand Moussavi, Karroubi and Khatami's arrest. He has repeatedly supported the use of violence and harsh interrogation tactics against post-election protesters (justifying TV-recorded confessions), including ordering the extrajudicial maltreatment of dissidents through publications circulated to the IRGC and Basij. | 10.10.2011 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 12. | JAZAYERI Massoud | | Deputy Chief of Staff of Iran's Joint Armed Forces, in charge of cultural affairs (aka State Defence Publicity HQ).<br><br>He actively collaborated in repression as deputy chief of staff. He warned in a Kayhan interview that many protesters inside and outside Iran had been identified and would be dealt with at the right time. He has openly called for the suppression of foreign mass media outlets and the Iranian opposition. In 2010, he asked the government to pass tougher laws against Iranians who cooperate with foreign media sources. | 10.10.2011 |
| 13. | JOKAR Mohammad Saleh | | Commander of Student Basij Forces.<br><br>In this capacity he was actively involved in suppressing protests in schools and universities and extra-judicial detention of activists and journalists. | 10.10.2011 |
| 14. | KAMALIAN Behrouz | POB: Tehran<br><br>DOB: 1983 | Head of the IRGC- linked "Ashiyaneh" cyber group.<br><br>The "Ashiyaneh" Digital Security, founded by Behrouz Kamalian, is responsible for an intensive cyber-crackdown both on domestic opponents and reformists and foreign institutions. On 21 June 2009, the internet site of the Revolutionary Guard's Cyber Defence Command 32 posted still images of the faces of 26 people, allegedly taken during post-election demonstrations. Attached was an appeal to Iranians to "identify the rioters". | 10.10.2011 |
| 15. | KHALILOLLAHI Moussa (Aka: KHALILOLLAHI Mousa) | | Prosecutor of Tabriz.<br><br>He is involved in Sakineh Mohammadi-Ashtiani's case and has opposed her release on several occasions and is complicit in grave violations of the right to due process. | 10.10.2011 |
| 16. | MAHSOULI Sadeq (Aka: MAHSULI, Sadeq) | POB: Oroumieh (Iran)<br><br>DOB: 1959/60 | Minister of the Interior until August 2009.<br><br>As Interior Minister, Mahsouli had authority over all police forces, interior ministry security agents, and plain-clothes agents. The forces under his direction were responsible for attacks on the dormitories of Tehran University on 14 June 2009 and the torture of students in the basement of the Ministry (the notorious basement level 4). Other protestors were severely abused at the Kahrizak Detention Center, which was operated by police under Mahsouli's control. | 10.10.2011 |
| 17. | MALEKI Mojtaba | | Prosecutor of Kermanshah.<br><br>Responsible for a dramatic increase in death sentences, including seven hangings in one day on 3 January 2010 in Kermanshah's central prison, following Judge Maleki's indictment. He is, therefore, responsible for the excessive and increasing use of the death penalty. | 10.10.2011 |
| 18. | OMIDI Mehrdad | | Head of the Computer Crimes Unit of the Iranian Police.<br><br>He is responsible for thousands of investigations and indictments of reformists and political opponents using the Internet. He is thus responsible for grave human rights violations in the repression of persons who speak out in defence of their legitimate rights, including freedom of expression. | 10.10.2011 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 19. | SALARKIA Mahmoud | | Deputy to the Prosecutor-General of Tehran for Prison Affairs.<br><br>Directly responsible for many of the arrest warrants against innocent, peaceful protesters and activists. Many reports from human rights defenders show that virtually all those arrested are, on his instruction, held incommunicado without access to their lawyer or families, and without charge, for varying lengths of time, often in conditions amounting to enforced disappearance. Their families are often not notified of the arrest. | 10.10.2011 |
| 20. | SOURI Hojatollah | | As head of Evin prison, he bears responsibility for severe human rights abuses ongoing in this prison, such as beatings, and mental and sexual abuse.<br><br>According to consistent information from different sources, torture is a common practice in Evin prison. In Ward 209, many activists are being held for their peaceful activities in opposition to the ruling government. | 10.10.2011 |
| 21. | TALA Hossein (Aka: TALA Hosseyn) | Head of the Iranian Tobacco Company. | Deputy Governor-General ("Farmandar") of Tehran Province until September 2010, in particular responsible for the intervention of police forces and therefore for the repression of demonstrations.<br><br>He received a prize in December 2010 for his role in the post-election repression. | 10.10.2011 |
| 22. | TAMADDON Morteza (Aka: TAMADON Morteza) | POB: Shahr Kord-Isfahan<br><br>DOB: 1959 | IRGC Governor- General of Tehran Province, head of Tehran provincial Public Security Council.<br><br>In his capacity as governor and head of Tehran provincial Public Security Council, he bears overall responsibility for all repressive activities, including cracking down on political protests since June 2009. He is known for being personally involved in the harassing of opposition leaders Karroubi and Moussavi. | 10.10.2011 |
| 23. | ZEBHI Hossein | | Deputy to the Prosecutor- General of Iran.<br><br>He is in charge of several judicial cases linked to the post-election protests. | 10.10.2011 |
| 24. | BAHRAMI Mohammad-Kazem | | Head of the judiciary branch of the armed forces.<br><br>He is complicit in the repression of peaceful demonstrators. | 10.10.2011 |
| 25. | HAJMOHAMMADI Aziz | | Former judge at the first chamber of the Evin Court, and now judge at branch 71 of the Tehran Provincial Criminal Court.<br><br>He has conducted several trials of demonstrators, inter alia that of Abdol-Reza Ghanbari, a teacher arrested in January 2010 and sentenced to death for his political activities. The Evin court of first instance had recently been established within the walls of Evin prison, a fact welcomed by Jafari Dolatabadi in March 2010. In this prison some accused persons are confined, mistreated and forced to make false statements. | 10.10.2011 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 26. | BAGHERI Mohammad-Bagher | | Vice-chairman of the judiciary administration of South Khorasan province, in charge of crime prevention.<br><br>In addition to his acknowledging, in June 2011, 140 executions for capital offences between March 2010 and March 2011, about 100 other executions are reported to have taken place in the same period and in the same province of South Khorasan without either the families or the lawyers being notified.<br><br>He is, therefore, complicit in a grave violation of the right to due process, contributing to the excessive and increasing use of the death penalty. | 10.10.2011 |
| 27. | BAKHTIARI Seyyed Morteza | POB: Mashad (Iran)<br><br>DOB: 1952 | Minister of Justice, former Isfahan governor-general and director of the State Prisons Organisation (until June 2004).<br><br>As Minister of Justice, he has played a key role in threatening and harassing the Iranian diaspora by announcing the establishment of a special court to deal specifically with Iranians who live outside the country. With the Tehran Prosecutor's assistance, two branches of the courts of first instance and appeal courts and several branches of the magistrate courts will be assigned to deal with expatriate affairs. | 10.10.2011 |
| 28. | HOSSEINI Dr Mohammad (Aka: HOSSEYNI, Dr Seyyed Mohammad; Seyed, Sayyed and Sayyid) | POB: Rafsanjan, Kerman<br><br>DOB: 1961 | Minister of Culture and Islamic Guidance since September 2009.<br><br>Ex-IRGC, he is complicit in the repression of journalists. | 10.10.2011 |
| 29. | MOSLEHI Heydar (Aka: MOSLEHI Heidar; MOSLEHI Haidar) | POB: Isfahan (Iran)<br><br>DOB: 1956 | Minister of Intelligence.<br><br>Under his leadership, the Ministry of Intelligence has continued the practices of widespread arbitrary detention and persecution of protesters and dissidents. The Ministry of Intelligence continues to run Ward 209 of Evin Prison, where many activists are being held on account of their peaceful activities in opposition to the government in power. Interrogators from the Ministry of Intelligence have subjected prisoners in Ward 209 to beatings and mental and sexual abuse. As the Minister of Intelligence, Moslehi bears responsibility for ongoing abuse. | 10.10.2011 |

# ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/670/ЗНБП НА СОВЕТОТ

**од 10 октомври 2011 година**

**за спроведување на Одлука 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на ситуацијата во Иран**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот на Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2011/235/ЗНБП на Советот од 12 април 2011 година за рестриктивните мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на ситуацијата во Иран([1]), а особено член 3(1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) На 12 април 2011 година Советот ја донесе Одлука 2011/235/ЗНБП.

(2) Во насока на тековната злоупотреба на човековите права во Иран, треба да се вклучат дополнителни лица и субјекти во списокот кои се предмет на рестриктивни мерки како што е утврдено во Анексот кон Одлука 2011/235/ЗНБП,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Лицата кои се наведени во Анексот кон оваа одлука треба да се додадат во списокот кој е утврден во Анексот кон Одлука 2011/235/ЗНБП,

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на датумот на нејзиното донесување.

Луксембург, 10 октомври 2011 година.

*За Советот*

*Претседателот*

К. ЕШТОН

[1] Сл. Весник L 100, 14.4.2011 година, стр. 51.

*АНЕКС*

**Список на лица наведени во член 1**

**Лица**

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| 1. | АБАЗАДЕХ-МЕШКИНИ, Махмуд (ABBASZADEH-MESHKINI, Mahmoud ) | | Политички директор во Министерството за внатрешни работи.<br>Во својство на раководител на Комитетот според член 10 од Законот за активности на политичките партии и групи тој одговара за одобрување на демонстрации и други јавни настани и за регистрација на политичките партии.<br>Во 2010 година тој ги прекинува активностите на двете реформистички политички партии поврзани со Мусави (Mousavi) - Фронт за учество на исламскиот Иран (Islamic Iran Participation Front) и Организација на муџахедините на исламската револуција (Islamic Revolution Mujahedeen Organization).<br>Од 2009 година доследно и постојано тој ги забранува сите невладини собири, со што го негира уставното право на протест и доведува до бројни апсења на мирни демонстранти во прекршување на правото на слобода на собирање.<br>Во 2009 година тој одби да и даде дозвола на опозицијата да одржи церемонија за помен на убиените за време на протестите во врска со претседателските избори. | 10.10.2011 |
| 2. | АКБАРШАХИ Али - Реза (AKBARSHAHI Ali-Reza) | | Командир на Техеранската полиција.<br>Според информации на очевидци на репресиите во периодот по изборите, дадени за „Human Rights Watch (HRW)", полициските сили под негова команда употребуваат вонзаконска сила врз осомничени за време на апсење и притвор пред судење.<br><br>Техеранската полиција учествувала во рациите во студентските домови на Техеранскиот универзитет во јуни 2009 година, кога според податоци од Комисијата на иранскиот парламент (Majlis) се повредени над 100 студенти од полицијата и Басиџи-силите. | 10.10.2011 |
| 3. | АКАРИЈАН Хасан (AKHARIAN Hassan) | | Надзорник на Одделение 1 од затворот Раџаи Шар, Караџа .<br>Неколку поранешни затвореници изјавија дека тој врши тортура и дека дава наредби со кои спречува затворениците да добијат медицинска помош. Според записите на еден затвореник во затворот Раџаи Шар, тој бил подложен на жестоко тепање од сите надзорници, со знаење на Акаријан. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во периодот кога Акаријан бил надзорник, има најмалку уште еден регистриран случај на смрт на затвореник, Мохзен Бајкванд (Mohsen Beikvand) | |
| 4. | АВАЕ Сејед Алиреза (AVAEE Seyyed Ali-Reza АВАЕ Сејед Али – Реза (познат како: AVAEE Seyyed Alireza)) | | Претседател на Техеранските судови.<br>Во својство на претседател на Техеранските судови тој е одговорен за прашањата на кршење на човековите права, произволните апсења, скратување на правата на затворениците и зголемување на бројот на егзекуциите. | 10.10.2011 |
| 5. | БАНЕШИ Џабер (BANESHI Jaber) | | Обвинител од Шираз.<br><br>Тој е одговорен за прекумерната и се почеста примена на смртната казна, бидејќи изрекол десетици пресуди за смртни казни. Обвинител во времето на бомбашкиот напад во Шираз во 2008 година, кој е искористен од режимот да осуди на смрт голем број противници. | 10.10.2011 |
| 6. | ФИРУЗАБАДИ Генерал-мајор Сејед Хасан; ФИРУЗАБАДИ Генерал-мајор д-р Сејед Хасан);(FIRUZABADI Maj-Gen Dr Seyyed Hasan) (познат како: FIRUZABADI Maj-Gen Dr Seyed Hassan; FIROUZABADI Maj-Gen Dr Seyyed Hassan; FIROUZABADI Maj-Gen Dr Seyed Hassan) | Место на раѓање: Машад<br><br>Датум на раѓање: 3.2.1951 година | Началник на Генералштабот на вооружените сили на Иран.<br><br>Член на Врховниот совет за национална безбедност (SNSC) / (СНСЦ).<br>Највисок воен командант под чија команда се ставени сите воени дивизии и полициски сили, вклучувајќи ги Корпусот на исламската револуционерна гарда (IRGC) / (ИРГЦ) и полицијата. Силите под негова команда извршувале брутални репресии над мирни демонстранти, како и масовни апсења.<br>. | 10.10.2011 |
| 7. | ГАНЏИ Мостафа Барзегар (GANJI Mostafa Barzegar) | | Главен обвинител од Ком.<br><br>Тој е одговорен за произволно апсење и малтретирање на голем број на престалници во Ком. Учествувал во сериозно кршење на правото на фер судење, што придонесе за прекумерна и се почеста примена на смртната казна и драстично зголемување на бројот на егзекуции од почетокот на годината | 10.10.2011 |
| 8. | ХАБИБИ Мохамед Реза (HABIBI Mohammad Reza) | | Заменик обвинител од Исфахан..<br>Учествувал во постапки во кои им е одбиено правото на обвинетите на фер судење – како што е случајот со Абдолах Фати (Abdollah Fathi), егзекутиран во мај 2011 година, откако неговото право да биде сослушан и проблемите со душевното здравје биле игнорирани од Хабиби за време на процесот во март 2010 година.<br><br>Оттука тој учествувал во сериозно кршење на | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | правото на фер судење, што придонесе за прекумерна и се почеста примена на смртната казна и до драстично зголемување на бројот на егзекуциите од почетокот на годината. | |
| 9. | ХЕЏАЗИ Мохамед (HEJAZI Mohammad) | Место на раѓање: Испахан<br><br>Датум на раѓање: 1956 година | Командант на Корпусот Саролах на ИРГЦ во Техеран, поранешен командант на силите-Басиџ.<br>Корпусот Саролах играл централна улога во репресиите во периодот по изборите.<br><br>Мохамед ХЕЏАЗИ (Mohammad HEJAZI) беше автор на писмото испратено до Министерството за здравство на 26 јуни 2009 година, со кое се забранува објавувањето на документи или медицински податоци за лица повредени или сместени во болница за време на настаните по изборите, што укажува на прикривање. | 10.10.2011 |
| 10. | ХЕЈДАРИ Набиолах (HEYDARI Nabiollah) | | Раководител на Аеродромската полиција на Иран.<br><br>Од јуни 2009 година на меѓународниот аеродром "Имам Комеини"- вклучително и во транзитната зона - организира апсења на учесници во протестите во Иран, кои се обиделе да ја напуштат земјата по почетокот на репресиите. | 10.10.2011 |
| 11. | ЏАВАНИ Јадолах (JAVANI Yadollah) | | Раководител на политичкото биро на ИРГЦ.<br><br>Едно од првите високи службени лица кои побарале апсење на Мусави (Moussavi), Каруби (Karroubi) и Катами (Khatami). Постојано ја поддржува примената на насилство и груби тактики на распит во однос на учесниците во протестите по изборите (за оправдување на телевизиските снимени признанија) и дава упатства за вонзаконско малтретирање на дисиденти преку публикациите дистрибуирани до силите на ИРГЦ и Басиџ | 10.10.2011 |
| 12. | ЏАЗАЈЕРИ Масуд (JAZAYERI Massoud ) | | Заменик-началник на Генералштабот на здружените вооружени сили на Иран, одговорен за културните прашања (или централната служба за односи со јавноста во државната одбрана).<br><br>Тој активно учествувал во репресиите во својство на заменик-началник на Генералштабот. Во интервју за весникот „Kayhan" предупредува дека голем број учесници во протестите внатре во Иран и надвор од земјата се идентификувани и против нив ќе се преземат мерки во соодветен момент. Тој отворено повика за замолчување на претставништвата на странските медиуми и иранската опозиција. Во 2010 година тој инсистира владата да воведе построги закони против Иранците кои соработуваат со странски извори на медиуми. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | ЏОКАР Мохамед Салех (JOKAR Mohammad Saleh) | | Командир на студентските сили на Басиџ.<br><br>Во ова својство тој учествувал активно во задушувањето на протестите во училиштата и универзитетите и вонзаконското притворање на активисти и новинари. | 10.10.2011 |
| 14. | КАМАЛИЈАН Бехруз (KAMALIAN Behrouz) | Место на раѓање: Техеран<br>Датум на раѓање: 1983 година | Водач на сајбер-групата „Ашијанех“ (“Ashiyaneh”), поврзана со ИРГЦ.<br><br>Основана од Бехруз Камалиан, групата за компјутерска безбедност “Ашијанех“ (“Ashiyaneh”) е одговорна за преземање остри мерки против интернет дејствија како на внатрешни противници и реформисти така и на надворешни институции. На 21 јуни 2009 година веб-страницата на Командата за сајбер-одбрана на револуционерната гарда објави фотографии од лицата на 26 луѓе, тврдејќи дека се направени за време на демонстрациите по изборите. Притоа Иранците се повикуваа да ги “идентификуваат бунтовниците“ | 10.10.2011 |
| 15. | КАЛИЛОЛАХИ Муса (KHALILOLLAHI Moussa) (Познат како: KHALILOLLAHI Mousa) | | Обвинител од Табриз.<br><br>Работел во случајот на Сакине Мохамади Астиани (Sakineh Mohammadi-Ashtiani) и постојано се противел на нејзиното ослободување и учествувал во сериозни кршења на правото на фер судење | 10.10.2011 |
| 16. | МАХСУЛИ Садек (MAHSOULI Sadeq (Познат како: MAHSULI, Sadeq)) | Место на раѓање: Орумиех (Иран)<br>Датум на раѓање: 1959/60 година | Министер за внатрешни работи до август 2009 година.<br><br>Во својство на Министер за внатрешни работи Махсули раководел со сите полициски сили, агентите за безбедност вработени во Министерството за внатрешни работи и цивилните агенти. Силите под негово раководство се одговорни за нападите врз студентските домови на Техеранскиот универзитет на 14 јуни 2009 година и за тортурата врз студентите во подрумот на Министерството (озлогласеното подрумско ниво 4). Други учесници во протестите биле сериозно злоупотребувани во Центарот за притвор Каризак, кој бил во надлежност на полицијата под водство на Махсули. | 10.10.2011 |
| 17. | МАЛЕКИ Моџтаба (MALEKI Mojtaba) | | Обвинител од Керманшах.<br><br>Тој е одговорен за драматичното зголемување на бројот на смртните пресуди, вклучувајќи спроведување на седум бесења за еден ден - на 3 јануари 2010 година во Централниот затвор Керманшах, обвиненија покренати од судијата Малеки (Maleki). Во таа смисла тој е одговорен за прекумерната и се почеста примена на смртната казна. | 10.10.2011 |
| 18. | ОМИДИ Мердад (OMIDI Mehrdad) | | Раководител на одделот за компјутерски криминал на иранската полиција.<br><br>Тој е одговорен за илјадници истраги и | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | обвиненија на реформисти и политички противници кои користат интернет. Во таа смисла тој е одговорен за извршување под негово раководство на сериозни кршења на човековите права при казнување на лица кои говорат отворено за заштита на законските права, вклучувајќи ја и слободата на изразување на мислењето. | |
| 19. | САЛАРКИЈА Махмуд (SALARKIA Mahmoud) | | Заменик главен обвинител на Техеран за прашањата за затворите.<br><br>Директно одговорен за издавање на голем број налози за апсење на невини, мирни демонстранти и активисти. Голем број извештаи на защтитниците на човековите права покажуваат дека сите оние кои биле уапсени по негови инструкции, биле чувани без контакт со надворешниот свет, без пристап до адвокат или до нивните семејства, а исто така и без покренати обвиненија против нив за различни временски периоди, многу често во услови еднакви на присилно исчезнување. Семејствата често не биле известени за апсењата. | 10.10.2011 |
| 20. | СУРИ Хоџатолах (SOURI Hojatollah) | | Во својство на началник на затворот „Евин" тој е одговорен за сериозни кршења на човековите права извршени во овој затвор, како тепање, психичко и сексуално злоупотребување.<br><br>Според исти податоци од различни извори, тортурата била вообичаена пракса во затворот „Евин". Во одделението 209 се чуваат бројни активисти, кои се спротивставувале на мирен начин на актуелната власт. | 10.10.2011 |
| 21. | ТАЛА Хосеин (TALA Hossein (Познат како: TALA Hosseyn)) . | Раководител на Иранската тутунска компанија | Заменик генерален гувернер ( „Farmandar ") на техеранската провинција до септември 2010 година, одговорен особено за интервенцијата на полициските сили и соодветно за насилното задушување на протестите.<br>Во декември 2010 година добива награда за својата улога во репресијата по изборите. | 10.10.2011 |
| 22. | ТАМАДОН Мортеза (TAMADDON Morteza (Познат како:TAMADON Morteza )) | Место на раѓање: Шахр Корд-Исфахан<br><br>Датум на раѓање: 1959 година | Генерален гувернер на провинцијата Техеран од ИРГЦ, раководител на Советот за безбедност на провинцијата Техеран.<br>Во својство на гувернер и раководител на советот за безбедност на провинцијата Техеран има целосна одговорност за сите репресивни мерки, вклучувајќи задушување на политичките протести по јуни 2009 година Познат по тоа дека лично учествувал во малтретирањето на лидњрите на опозицијата Каруби (Karroubi) и Мусави.(Moussavi). | 10.10.2011 |
| 23. | ЗЕБИ Хосеин (ZEBHI Hossein) | | Заменик главен обвинител на Иран.<br><br>Тој е одговорен за голем број судски процеси поврзани со протестите во периодот по изборите. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24. | БАХРАМИ Мохамед-Казем (BAHRAMI Mohammad-Kazem) | | Раководител на судскиот оддел за вооружените сили.<br><br>Учествувал во репресија на мирни демонстранти. | 10.10.2011 |
| 25. | ХАЏМОХАМАДИ Азиз (HAJMOHAMMADI Aziz) | | Поранешен судија во првото одделение на судот „Евин", сега судија во одделот 71 на Кривичниот суд на провинцијата Техеран.<br><br>Раководел со голем број процеси против демонстранти, особено оној на Абдол-Реза Ганбари (Abdol-Reza Ghanbari), професор, уапсен во јануари 2010 година и осуден на смрт за политички активности. Првостепениот суд Евин бил создаден неодамна во зградата на затворот Евин; во март 2010 година, подржан од Јафари Долатабади (Jafari Dolatabadi). Во овој затвор некои обвинети се изолирани, малтретирани и принудувани да даваат неточни изјави. | 10.10.2011 |
| 26. | БАГЕРИ Мохамад-Багер (BAGHERI Mohammad-Bagher) | | Заменик-претседател на судската администрација на провинцијата Јужен Корасан, одговорен за превенција на криминалот.<br><br>Во јуни 2011 година тој признава за извршени 140 егзекуции во периодот помеѓу март 2010 година и март 2011 година, но освен нив се претпоставува дека во исто време тајно се исполнети уште стотина други во истата провинција на Јужен Корасан, без да се известени ниту адвокатите, ниту семејствата на жртвите.<br><br>Во таа смисла, тој учествувал во сериозно кршење на правото на фер судење, што придонесе за прекумерната и се почеста примена на смртната казна | 10.10.2011 |
| 27. | БАКТИЈАРИ Сејед Мортеза (BAKHTIARI Seyyed Morteza) | Место на раѓање: Машад (Иран)-<br><br>Датум на раѓање: 1952 година | Министер за правда, поранешен главен гувернер на Исфахан и директор на Организацијата на државните затвори (до јуни 2004 година).<br><br>Во својство на министер за правда игра главна улога во давање на закани и малтретирање на иранската дијаспора со прогласување на создавањето на посебен суд, кој ќе се занимава само со Иранци кои живеат надвор од земјата. Со помош на обвинителот на Техеран, два ограноци на Првостепениот суд и на Апелациониот суд, како и неколку ограноци на Судот за прекршоци ќе биде наложено да работат со Иранци кои живеат во странство. | 10.10.2011 |
| 28. | ХОСЕИНИ д-р Мохамад (HOSSEINI Dr Mohammad (познат како: HOSSEYNI, Dr | Место на раѓање: Рафсањан, Керман Датум на раѓање: | Министер за култура и исламско движење од септември 2009 година.<br><br>Поранешен член на ИРГЦ, учествувал во репресија над новинари. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Seyyed Mohammad; Seyed, Sayyed and Sayyid)) | 1961 година | | |
| 29. | МОЛЕШИ Хејдар (MOSLEHI Heydar (познат како: MOSLEHI Heidar; MOSLEHI Haidar)) | Место на раѓање: Исфахан (Иран).<br><br>Датум на раѓање: 1956 година | Министер за разузнавање.<br><br>Под негово раководство Министерството за разузнавање ја продолжува практиката на произволни апсења и гонење на демонстранти и дисиденти. Министерството за разузнавање продолжува да го води одделението 209 на затворот Евин каде што се чуваат бројни активисти кои се спротивставувале на мирен начин на актуелната влада. Вработените во Министерството за разузнавање кои учествувале во сослушувања на затворениците од одделението 209 ги подложувале затворениците на тепање и психичко и сексуално злоупотребување. Во својство на министер за разузнавање Молеши сноси одговорност за извршени злоупотреби. | 10.10.2011 |